СПИ. бр. 11/24
05-09-2024

( Образец ПП……)

**До: Основен суд**
**(имател на информацијата)**

# **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку вкупно кривични постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство се водени пред вашиот суд во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**?
2. Каква е социјалната структура на жртвите во кривичните постапки кои се водени пред вашиот суд во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**, разделена по пол, возраст, етничка припадност, и други карактеристики?
3. Во колку од кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство жртвите во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година** дале изјава пред суд? Во колку од случаите жртвите дале изјава во присуство на адвокат или придружник?
4. Во колку од кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година** жртвите биле застапувани од адвокат?
5. Во колку од случаите на родово-базирано насилство и семејно насилство, во периодот **1 јануари 2024- 31 август 2024 година**, жртвата добила посебна заштита при давање на исказ преку аудио визуелни средства со цел спречување на дополнителна виктимизација?
6. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот од **1 јануари -31 август 2024 година** биле применети посебни мерки за заштита на жртвата, жртвата била ставена во програма за заштитен сведок или други мерки за заштита на жртвата?
7. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари- 31 август 2024 година** судот стапил во контакт со други институции и/или организации и обезбедило услуги за психосоцијална или друг вид поддршка на жртвите?
8. Во колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година** жртвата се откажала од гонење на сторителот на насилството?
9. За колку од постапките за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година** судот донел пресуда? Колку од овие пресуди се осудителни, а колку пресуди се донесени за ослободување на обвинетиот?

10. Во колку постапки во периодот **1 јануари 2024-31 август 2024 година** жртвата/оштетена предјавила имотно-правно побарување? Во колку од нив судот го усвоил барањето, а во колку случаи ја упатил жртвата ова право да го остварува во граѓанска постапка?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 02.09.2024 година**

[redacted]

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
# GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË


Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel: 045-223-565 / info@oskicevo.mk


**СПИ.бр.11 /2024QLI.nr.11/2024**
05.09.2024 година / viti 2024
К и ч е в о/ Kërçovë,

[redacted]

ПРЕДМЕТ : Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.11/2024 од 05.09.2024 година, Во прилог на ова писмо, Ви го доставуваме известувањето од барани информаци.

**Со почит.**

**Претседател на судот,**
**Fluturije Dervishi**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
GJYKATA THEMELORE KËRÇOVË

Булевар Ослободување бр.17, 6250, Кичево / тел: 045-223-565 / info@oskicevo.mk
Bulevard Osloboduvanje Nr.17, 6250, Kërçovë / tel. 045-223-565 / info@oskicevo.mk

**СПИ.бр.11/2024 QLI.nr.11/2024**
17.01.2024 година / viti 2024
К и ч е в о/ Kërçovë.

[redacted]

ПРЕДМЕТ : Достава на известување од барани информаци.

Во врска со вашето барање бр.11/2024 од 05.09.2024 година, Ве известуваме дека по извршениот увид во кривично оделение преку АКМИС системот се утврди дека во Основниот суд Кичево, број на постапки за кривични дела поврзано со родово-базирано насилство и семејно насилство, за период јануари 2024 до август 2024 година е следното:

1.Вкупен број на водени кривични постапки поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство, за период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година изнесува **8-предмети**

**2.**Социјалната структура на жртвите во кривичните постапки кои се водени пред нашиот суд во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година, разделени по попол, возраст, етничка припадност, и други карактеристики **е мешана.**

3.Во кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство жртвите дале изјави пред суд во присуство на адвокат или придружник **нема**, во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година.

**4.**Жртвите кои учествувале во кривични постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во периодот 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година биле застапувани од адвокат НЕ.

**5.**Во кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство немаме применети посебни мерки за заштита при давање исказ преку аудио визуелни средства со цел спречување на дополнителна виктимизација од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година.**НЕ.**

**6.**Во кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство **немаме** такви случаи каде жртвата би добила посебна заштита на жртвата, каде жртва била ставена во пограма за заштитен сведок или други мерки за заштита на жртвата во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година.

**7.**Во кривичните постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година судот стапил во контакт со други институци и/или организаци и обезбедило услуги за психосоцијална или друг вид подршка на жртвите.НЕ.

**8.**Немаме постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година каде жртвата се откажала од гонење на сторителот на насилството.НЕ.

**9.**Судот во постапки за кривични дела поврзани со родово-базирано насилство и семејно насилство во период од 1 јануари 2024 до 31 август 2024 година донел осудителни пресуди **7 (седум) условни осуди** и ослободителни пресуди **НЕ.Единствено еден предмет е запрен.**

Со почит,

**Службено лице за посредување**
**со информаци,**
Kadri Xhelili